( Образец ПП……)

До: __Народна Банка на Република Северна Македонија, бул. Кузман Јосифовси Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија________________________________

(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _ [redacted] Скопје, ул [redacted] Скопје-Карпош, ЕМБС: [redacted] ЕДБ: [redacted]

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел. фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: __ Адвокат [redacted]

______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_Бараме од Народна Банка на Република Северна Македонија да ни ги достават сите Одлуки за референтна стапка за пресметување на стапката на казнена камата согласно член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народна банка на Република Македонија во врска со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигациони односи кои се донесени од 2013 година до последната Одлука која е донесена во 2023 година

______________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил

НАРОДНА БАНКА ... Примено / Pranuar: 28-11-2023 Број / Numer: 02-39055/1

- д) друго ______________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во _Скопје__, _28.11.2023 година .**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 7 декември 2023 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] од Скопје, примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 28 ноември 2023 година, СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со бараната информација, во прилог доставуваме Одлука за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен Весник на Република Македонија" бр. 42/11) и Одлука за дополнување на Одлуката за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен Весник на Република Македонија" бр. 49/12).

Поврзано со оваа регулатива, Народната банка на полугодишна основа врши Објава на референтна стапка за пресметување на стапката на казнената камата. Историските податоци за движењето на оваа референтна стапка се објавени на интернет страната на Народна банка, на линкот https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-odluka-za-referentna-kamatna-stapka-za-presmetuvane-na-stapkata-na-kaznena-kamata.nspx .

Бараните документи ќе бидат доставени и на електронска пошта на барателот (office@mplaw.mk).

## О б р а з л о ж е н и е

На 28 ноември 2023 година од страна на барателот ( [redacted] Скопје, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое барателот бара Народната банка на Република Северна Македонија да му ги достави сите Одлуки за референтна стапка за пресметување на стапката на казнена камата согласно член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка во врска со членот 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи кои се донесени од 2013 година до 2023 година.

Имајќи предвид дека бараните податоци претставуваат информација од јавен карактер со кои Народната банка располага на барателот му се одобрува барањето, и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02- 39055/2
7 декември 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право
на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата
за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]